**ПРОЕКТ - НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОВИТЕ МЕЃУ МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ И ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЗЕМЈАТА**

**МОДУЛ V**
СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ
СО РИЗИЦИ
ВО РАБОТЕЊЕТО

**МОДУЛ IV**
6 СИГМА
СТАНДАРД

**МОДУЛ III**
СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ
И РЕОРГАНИЗАЦИЈА
НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ

**МОДУЛ II**
КПИ
ПЕРФОРМАНС
ИНДИКАТОРИ

**МОДУЛ I**
ИСО 9001:2015
СТАНДАРД
ЗА УПРАВУВАЊЕ
СО КВАЛИТЕТ

# ОБУКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА СТАНДАРДИЗАЦИЈА КАЈ ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЕУ за ТЕБЕ

FINANCETHINK OUT OF THE BOX Economic Research & Policy Institute

Центар за Управување со Промени

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА ОБУКА

ТЕМА НА ОБУКА: Стратегија за управување со ризици

Датум на спроведување: 27.05.2019

Обучувачи:

Горан Саздов
Симона Милошевска-Георгиевска
ДИНАМИК КОНСАЛТИНГ

СОДРЖИНА

1. Вовед ..... 3
2. Информации за обуката - Стратешко управување и реорганизација на деловните процеси ..... 3
3. Цели на обуката ..... 3
4. Придобивки од обуката ..... 4
5. Кратко резиме од спроведената обука со работилница ..... 4
 5.1. Обука ..... 4
 5.2. Работилница ..... 6
6. Анализа од спроведениот прашалник за задоволство на слушателите од обука ..... 7
 6.1. Анализа на оценка на обуката ..... 7
 6.2. Анализа на коментари ..... 8
 6.3. Коментари ..... 8
7. Коментар на обучувачот ..... 8
8. Слики од обуката ..... 9
9. Прилози ..... 9

## 1. Вовед

Согласно договорот за интелектуални услуги потпишан на ден 28.03.2019 помеѓу Центар за управување со промени и Динамик Консалтинг за проект: "Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и домашните МСП во Македонија" беше спроведена обука на 27.05.2019 на темата: Стратегија за управување со ризици. Обуката се спроведе согласно претходно дефиниран план за реализација на активностите, на која присуствуваа вкупно 20 учесници кои беа активно вклучени во целокупната обука и работилницата наменета за обуката.

## 2. Информации за обуката – Стратегија за управување со ризици

**Управувањето со ризици** е идентификација, евалуација и приоретизација на ризиците проследено со координирана и економична примена на ресурси, за да се минимизира, следи и контролира веројатноста или влијанието на несреќните настани или да се зголеми реализацијата на можностите на организацијата.

## 3. Цели на обуката

Низ процесот на обуката слушателите треба да осознаат и научат:

- Што се ризици, а што стратешко управување со ризици;
- Извори на ризици;
- Стратегија за управување со закани (ризици);
- Дали може да се постигне мерливо подобрување во управувањето со ризикот;
- Речник на ризиците;
- Методи и принципи за утврдување на ризиците;
- Процеси, контекст, идентификација и проценка на ризиците;
- Мерки за ублажување на ризикот и третман на ризикот;
- Планови, имплементација, преглед и евалуација на плановите за управување со ризици;
- Техники за проценка на ризици;

## 4. Придобивки од обуката

По обуката учесниците треба да се способни:

- да дефинираат техника за проценка на ризик;
- да разликуваат можност;
- да разликуваат сооднос меѓу ризик и прифатлив ниво на ризик;
- да контрилираат веројатност од појава на ризик;
- да измерат влијание на несреќните настани врз работењето;

## 5. Кратко резиме од спроведената обука со работилница

### 5.1. Обука

Обуката започна согласно претходно дефинираниот план и ги обработи следните теми:

- Што се ризици, а што стратешко управување со ризици, извори на ризици

На оваа тема се даде краток вовед за тоа што претставуваат ризиците и како компаниите може да управуваат со своите ризици. Потоа беа презентирани изворите на ризици од кои може да произлезат и начин за нивно рано откривање.

- Стратегија за управување со закани (ризици)

Оваа тема го опфати управувањето на ризиците преку подобрување на способноста за остварување на стратешките цели, заканите и можностите, и создавање на поголем квалитет, ефикасност и резултати кај сите активности и сите нивоа во една организација.

- Дали може да се постигне мерливо подобрување во управувањето со ризикот и речник на ризиците

Оваа тема го објасни мерливото подобрување и придобивките од спроведувањето на процесот на управување на ризиците преку:

- утврдување и разбирање на сите видови на ризици на сите нивоа и изнаоѓање начини за справување со истите;
- зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето;
- подобро планирање на расположливите средства;
- развој на позитивна организациска култура и
- примена на воспоставените процедури за работа

Исто така беа презентирани позначаните дефиниции поврзани со ризиците и нивното стратешко управување.

- Методи и принципи за утврдување на ризиците, процеси, контекст, идентификација и проценка на ризиците

На оваа тема беа дискутирани методологиите за проценка на ризиците и секоја одделно беше објаснета со практитечен пример. За идентификација и проценка на ризикот беше презентиран моделот како се идентификуваат ризиците и како се постапува со истите по нивно откривање/дефинирање.

- Мерки за ублажување на ризикот и третман на ризикот, планови, имплементација, преглед и евалуација на плановите за управување со ризици

На оваа тема се разви дискусија со учесниците и беа презентирани видовите мерки кои се дефинираат за да се постигне ублажување/прифаќање на ризикот или негово третирање. Потоа беше објаснета евалуацијата на дефинираните ризици и како тие се следат и се контролираат.

- Техники за проценка на ризици

На обуката беа разгледани неколку техники за проценка на ризик кои функционираат за секоја компанија одделно. Потоа беа дадени практични примери и се разви дискусија за нивната применливост.

## 5.2. Работилница

Задача на работилницата беше слушателите да ги дефинираат ризиците за дадениот пример. Примерот беше даден со конкретен процес и со неговите активности и секој од учесниците дефинираше по еден ризик и направи категоризација и третман на ризикот. Целта на оваа работилница беше да се види како преку реален процес кој е составен дел од поголем дел од компаниите може да се дефинираат ризиците и како преку дефинирање на корективните мерки за справување со тие ризици компанијата всушност прави стратешко планирање.

## 6. Анализа од спроведениот прашалник за задоволство на слушателите од обука

### 6.1. Анализа на оценка на обуката

| ОБУКА: Стратегија за управување со ризици<br>Горан Саздов ; Симона Милошевска-Георгиевска<br>Дата на одржување: 27.05.2019<br>Број на слушатели: 20<br>Одговорени прашалници: 8 | | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | број на одговорени прашалници | просечна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оцена: | | Одличен | Добар | Просечен | Задоволителен | Незадоволителен | | |
| **Оценка за обучувачот** | | | | | | | | |
| 1 | Познавање на темата/материјалот | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5.00 |
| 2 | Способност да ги пренесе и објасни концептите и темите | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5.00 |
| 3 | Способност во целост да одговори на поставените прашања | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5.00 |
| 4 | Беше охрабрена дискусија и соработка со учесниците | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 4.88 |
| **Оценка на содржината и структурата на работилнцата** | | | | | | | | |
| 1 | Полезност на информациите добиени со работилницата | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5.00 |
| 2 | Структура на сесиите на работилницата | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5.00 |
| 3 | Динамика на сесиите на работилницата | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 4.88 |
| 4 | Полезност од информациите | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 4.88 |
| 5 | Дали беше работилницата соодветна на Вашето ниво на стручност? (да/не) | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 5.00 |

## 6.2. Анализа на коментари

| ОБУКА: Стратегија за управување со ризици<br>Горан Саздов ; Симона Милошевска-Георгиевска<br>Дата на одржување: 27.05.2019<br>Број на слушатели: 20<br>Одговорени прашалници: 8<br>Оцена:<br>Категорија: | | Има коментар | Нема коментар |
|---|---|---|---|
| 1 | Што Ви се допадна најмногу од работилницата? | 3 | 5 |
| 2 | Што би можело да се подобри од аспект на содржина, структура и материјали за работилницата? | 2 | 6 |
| Вкупно | | 5 | 11 |

## 6.3. Коментари

**ОБУКА: Стратегија за управување со ризици**
**Горан Саздов ; Симона Милошевска-Георгиевска**
**Дата на одржување: 27.05.2019**
**Број на слушатели: 20**
**Одговорени прашалници: 8**

| р.бр | Прашање |
|---|---|
| **10** | **Што Ви се допадна најмногу од работилницата?** |
| коментар | 1. Комплетно целата работилница<br>2. Предавачот, презентацијата и дискусијата<br>3. Мотивацијата, насоки за учење и делување, охрабрувањето, вежбата беше топ! |
| **11** | **Што би можело да се подобри од аспект на содржина, структура и материјали за работилницата?** |
| коментар | 1. Да биде и за приватни фирми кои не се бават со производство<br>2. Се беше одлично 5 (+) |

## 7. Коментар на обучувачот

Обуката беше реализирана во согласност со планот. Учесниците со внимание ја следеа и активно партиципираа во обуката со свои прашања, коментари и примери. Посебно беа заинтересирани за практичните примери, а дел од учесниците изразија интерес да присуствуваат и на останатите најавени обуки. Условите и просторијата за обуката беа на високо ниво.

8. Слики од обуката





9. Прилози

- ПП презентација за стратегија за управување со ризици

**ПРОЕКТ - НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОВИТЕ МЕЃУ МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОМПАНИИ И ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЗЕМЈАТА**

**МОДУЛ V**
СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ВО РАБОТЕЊЕТО

**МОДУЛ IV**
6 СИГМА СТАНДАРД

**МОДУЛ III**
СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ И РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ

**МОДУЛ II**
КПИ ПЕРФОРМАНС ИНДИКАТОРИ

**МОДУЛ I**
ИСО 9001:2015 СТАНДАРД ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

# ОБУКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА СТАНДАРДИЗАЦИЈА КАЈ ДОМАШНИТЕ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЕУ за ТЕБЕ

FINANCETHINK OUT OF THE BOX | Economic Research & Policy Institute

Центар за Управување со Промени